*Г. Митевски*

# ЕДЕН ДОКУМЕНТ ЗА ПРВОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КИЧЕВО ВО 1943 ГОДИНА

Историската збирка на Народниот музеј во Охрид, во текот на 1967 година се збогати со уште еден значаен документ од НОБ, со така наречената „Објава Бр. 1 на Штабот на I Оперативна зона на Македонија", кој е за сега единствено запазен примерок.

При средувањето на архивскиот материјал на поранешните партиски комитети, кој е наследен и се чува во сегашниот Општински комитет на СКМ во Кичево, меѓу мноштвото несредени документи, пред крајот на 1966 година, пронајден е и овој документ.

Објавата е еден од примероците, кој како афиш бил истакнат во туку ослободениот град Кичево, поправа една од копиите на оваа, што се установува од ознаките „с. р." кои стојат испишани со машина крај полните имиња на потпишувачите на објавата — командантот и политичкиот комесар на Штабот на I оперативна зона — Хамди Дема и Елисије Поповски — Марко.

Содржината на документот е дадена на танка хартија, големина октав (21×29 см), во 16 точки на 42 реда, на една страна, отчукана на машина за пишување, српски шрифт.

Пожолтената хартија, во следствие на подолготрајно делување на дневната светлина, како и трагите на патенти, покрај другото, се докази, како за намената така и за веродостојноста на документот.

Без оглед на тоа што се работи за копие на Објавата, а не за нејзиниот оригинал, од бессомнената автентичност на документот, ние узнаваме многу интересни поединости и факти, што ќе ги надополнат нашите знаења на настаните и приликите во првоослободениот град во Македонија — Кичево, од единиците на НОВ и ПОЈ.

Интегралниот текст на документот гласи:

СМРТ НА ФАШИЗМОТ —
СЛОБОДА НА НАРОДОТ

**ОБЈАВА Бр. 1**

1) Денес на 11/IX/1943 год. градот Кичево се превзеде од Македонско-Албанската Народно-ослободителна војска и партизанските одреди.

2) От денес и натака, овој град ће биди во рацете на Мак.-Алб. Н. О. В. и П. О. Уредувањето и редот на градот ќе се спроведува от страната на разни народни комисији, назначени од Штабот на I-та Оперативна зона; на сите страни на градот ће се воспостават стражи и патроли вооружени, кои ће го вардар спокојствијето и редот.

3) Секој грађанин требе да ги слуша наредбите и директивите, издадени од овија комисији и патроли.

4) Народот требе да биди мирен и срећен, зашто градот Кичево се навођа во рацете на партизаните, синовите на овој народ.

5) Сите дућани и локали требе да се отворат за да се задоволат нуждите на народот.

6) На секој локал ќе се клајат албански и македонски знамиња.

7) Строго се забранува пукање со пушка, фрлање бомби и каков било друг експлозивен материјал.

8) Сите тија елементи, који поради каква било причина, рашират тенденциозни новини, со цел да се створи кај народот страф и паника, требе да имајат пред вид да, штом разбери командата на Штабот на Зоната, нифните дејствија ќе се казнат строго от страната на Народниот Суд.

9) Народот требе да се обносува арно со Македонско-Албанската Народно-ослободителна војска и партизанските одреди, оти таја е вистинска народна војска, која се бореше до сега и ќе се бори до крај за слобода и благостанието на народот.

10) Највисоката власт во местото ќе биде Македонско-Албанскоит Народно-ослободителен комитет, кој ќе биде во тесна врска со Штабот на I-та Оперативна зона. Овој комитет е привремен и ќе функционира се дури не се избери нов комитет на демократски начин и со слободни гласови.

11) Сите јавни установи от денес ја губат својата сила, пошто беа назначени от фашизмот.

12) Сите чиновници да не ја напуштајат службата дури не ги предадат надлештвата на Командата, сосе материјалот који им беше остаен на расположуење.

13) Народно-ослободителниот комитет на местото, ќе успостави нова, привремена власт која ќе биде составена от Албанци и Македонци, соработувајки со Штабот на I-та Оперативна зона.

14) Секоја одмазда (асми) се казнува со смрт, одмаздителот ќе се осуди пред Народниот Суд и неговата пресуда ќе се изврши на место.

15) Арамијите на народните имоти, било тоа за најмалка работа, се осудуваjат со стрелање на место.

16) Тој, кој не се покорува на горните наредби ќе се смета како народен издајник и како таков ќе се казни најстрого.

| | |
|---|---|
| ПОЛИТИЧКИОТ КОМЕСАР | КОМАНДАНТОТ |
| На Штабот на I-та Оперативна зона | На Штабот на I-та Оперативна зона |
| Јелисије Поповски,-Марко, с. р. | Хамди Дема, с. р. |

Впуштајќи се кон поблиско разгледување и оцена на документот, авторот на овие редови наоѓа за сходно да го сврти вниманието на читателот и да укаже на некои по карактеристични поединости содржани во него.

Пред сè, паѓа в очи концизноста и убавината на зборот на кичевското наречје на македонскиот јазик, на коешто е напишана Објавата, несомнено од образован и стручно подготвен човек од таа средина, кој стремел и успеал да ги мине рамките на народниот говор и да се изрази на јазикот кој по година и повеќе ќе биде прочистен и усвоен како литературен македонски јазик.

Политичко-правната формулација и јасната револуционерна содржина на документот, го чинат многу позначаен и поинтересен за разгледување од денешната дистанца на време.

Поаѓајќи од фактот дека вооружените снаги на НОБ и ПОЈ го презеле градот[1]), потписниците на Објавата, откако ја обнародуваат револуционерната промена на власта, пропишуваат низа мерки и, со

[1]) Установениот датум за првото ослободување на Кичево во постоечката литература, со овој документ добива уште една потврда, па така извесните колебања и резерви присутни во јавноста веќе немаат место.

силата на авторитет, бараат од населението почитување на редот и соработка со новите носители на власта; понатаму, да не би паднало какво и да е сомневање на карактерот на вооружената борба

„Македонско-Албанскиот Народно-ослободителен комитет"[2]) го прогласуваат за највисок орган на власта во местото, кој времено ќе ја врши оваа функција „се дури не се избери нов комитет на демократски начин и слободни гласови."

Не би бил потполно оценет овој документ ако, покрај редицата револуционарни мерки, не би се истакнала и онаа револуционерна содржина која е присутна во сите развојни фази на народноослободителното движење на Југославија, која и овде наоѓа свој одраз, на не токму упадлив начин, но и не молчаливо да се врви преку неа, имено дека се работи за длабоки социјални промени што ќе ги оствари оваа вооружена борба, пред сè преку обезбедување на услови за изразување на слободната волја на народот, на кого му се враќаат суверените права за одлучување во изборот на новите органи на власта.

Паѓа в очи еден битен факт, навреме оценет и достатно апострофиран во документот, како реален однос на снагите од дотогашното ангажирање на македонското и шиптарското население од овој крај во заедничката борба против германско-италијанските окупатори и нивните слуги во дадената фаза од развојот на Движението, кога е веќе протеран еден окупатор и се воспоставува власт на ослободената територија, зародишот на слободната иднина, дека плодовите се и единствено можат да бидат заеднички и народот и народностите, па како основ за сегашното и идно уредување на земјата, преку рамноправниот удел во новосоздадените органи на власта, се почитуваат и ќе се почитуваат во заедничката татковина.

Ако во револуционерното минато во основите на ВМРО, во Манифестот на Крушевската република, и подоцна, во новонастанатото револуционерно движење — НОБ и Народната револуција, во бројни акти и прогласи — заедничката борба на народот и народностите на Македонија е прокламирана за доминантна максима, овде по прв пат ја среќаваме во примена со шиптарската народност, па како плод на заеднички интереси и борба, по уделот на влашката етничка групација во Крушевската република, се остварува, по четириесет години, уште една среќна интеграција на македонскиот народ со шиптарската народност, во заедничката борба за идната заедничка татковина.

Не е место овде повеќе да се расправа за извесните фаталности што го пореметија ова остварено акционо единство на народот од овој крај, ниту да се спори за некои веќе дадени оценки за уделот на шиптарската народност од Западна Македонија во НОБ, па затоа за сега да останеме при поопстојна оцена на фактите и на содржината на овој документ.

---

[2]) Македонско-албанскиот народноослободителен комитет е неиздиференциран поим, кој често се среќава во организираната дејност во Западна Македонија за општествено-политичката организација, која ги опфаќа Народно-ослободителниот фронт и народно-ослободителните одбори.

Кон горе дадените воопштени поединости и оценки на документот, се приведува уште и следниот интерен момент. Имено, следствие на настаните, веќе да се ослободени од единиците на НОБ и ПОЈ двата града Кичево и Дебар; да е протерана окупаторската власт наедно широко подрачје, и да е создадена голема слободна територија, која го зафаќа претежниот дел на Западна Македонија, што беше под италијанско-албанска окупација, Движењето на отпорот да е реална снага и фактор со кој и тоа како, мора да се калкулира во сметките на преостанатите окупаторски режими во земјата, уште повеќе од оние структури и снаги што туку треба да се определат и подготват за идните политички решенија, по окончување на војната. Беше нужно носителите на оваа разбранета народна војна да излезат од анонимноста и да се претставуват на јавноста, а токму тоа е и сторено во овој документ. Ние по прв пат од почетокот на Народноослободителната војна во Македонија ги среќаваме во еден проглас, прокламација, со кој се обрнува Движењето кон народот, полните легални имиња на двајца високи раководители на единиците на НОБ и ПОЈ во Македонија. Наскоро, се со објавувањето на Манифестот на Главниот штаб на Македонија во октомври 1943 година, пишувањето на полните легални имиња стана практика.

*В. Весковиќ — Вангели*

## МАЈСКАТА ДЕМОНСТРАЦИЈА НА ВЕЛЕШКИТЕ ЖЕНИ ВО 1942 ГОДИНА

Во виорот на Втората светска војна Македонија била окупирана од војските на нацистичка Германија, а потоа поделена меѓу бугарскиот и италијанскиот освојувач, станувајќи предмет на безпоштедна експлоатација и терор. Прогресивниот дел на македонското општество и револуционерно воспитаните партиски кадри, меѓу кои имало забележителен број жени, пружиле сериозен отпор на окупаторот, придонесувајќи на тој начин фротнот на ослободителната војна на југословенските народи да биде проширен и на теренот во Македонија. Бројните демонстрации, диверзантските акции и вооруженото востание од 11 октомври 1941 година биле најдобра потврда за тоа.

И револуционерниот Велес го пречекал подготвен за борба бугарскиот окупатор. Набргу таму дошло до диверзантски акции, а во почетокот на есента 1941 година бил формиран и партизански одред во градот, а тоа придонело антиокупаторското расположение во градот да биде силно изразено. Велешката жена, останувајќи доследна на борбениот завет, прекалена во револуционерните акции, снаодлива и трпелива, била цврст подслон во богатата илегална работа на партиската организација, која без нејзиното активно залагање би била прилично отежната.

Идејно-политичката работа со велешките жени и во 1942 година била на преден план во дејноста на партиската организација. Таа била остварувана преку постоечките читачки и симпатизерски групи во градот,